# СТУДИИ НА СЛУЧАИ ОД УЧИЛИШТА ВКЛУЧЕНИ ВО ОБУКА-НА-ОБУЧУВАЧИТЕ, ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ (2012-2014)



Мислењата изразени во студиите на случаи им припаѓаат на на авторите и не ја претставуваат секогаш официјалната позиција на УНИЦЕФ



# Содржина



**ВОВЕД** ................................................ **4**

**1 СОЗДАВАЊЕ (ПО) ИНКЛУЗИВНО УЧИЛИШТЕ**

**ОУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ“** ...................... **5**

Започнување со лична посветеност ...8

Креирање движење ..............................8

Предизвици со кои се соочуваме и со кои се обидуваме да се справиме..... 10

Осврт кон нашите предизвици .......... 12

Моите размислувања за реалната инклузија во училиштата.................. 13

**2 ПОДДРШКА ЗА ПРИСУСТВОТО, УЧЕСТВОТО И ПОСТИГНУВАЊЕТО: ЗНАЧЕЊЕТО НА СОРАБОТКАТА**

**ОУ “ДИМО ХАЏИ ДИМОВ”** .................... **15**

Вовед .................................................... 16

Средба со родител ............................... 16

Средба со останатите кои го познаваат детето................................ 17

Поддршка од децата во одделението ........................................ 18

**3 ПОДДРШКА ЗА ПРИСУСТВОТО, УЧЕСТВОТО И ПОСТИГНУВАЊЕТО: ЗНАЧЕЊЕТО НА КРЕАТИВНИТЕ ИНТЕРВЕНЦИИ**

**ОУ „ДАНЕ КРАПЧЕВ“** ....................... **19**

Вовед ..................................................20

Ученикот..............................................20

Идентификување на способностите и потребите..........................................20

Осврт кон потребите на ученикот .....21

Резултати.............................................21

Препораки............................................22

**4 ОБУКА И ПОДДРШКА ЗА ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ: ПЛАНОВИ, ДЕЈСТВА И РЕЗУЛТАТИ**

**ОУ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“** ................ **23**

Вовед .................................................. 24

Влијанието на обуката........................ 24

Етапи на планирање на инклузивното образование во нашето училиште.... 25

Резултати............................................ 27

Иднина................................................ 27

**5 ИНДИВИДУАЛНО ОБРАЗОВНО ПЛАНИРАЊЕ ОД ГЛЕДНА ТОЧКА НА РДР**

**ДЕТСКА ГРАДИНКА „СРНИЧКА“** ......... **31**

Вовед ..................................................32

Проблеми и предизвици.....................32

Развивање ИОП ..................................34

Препораки и иден развој...................37

Наши размислувања..........................38



# Вовед

Во 2011 година, УНИЦЕФ Скопје ангажираше консултанти од Образовната Мрежа ЕЕНЕТ за изработка на пет модули за обука, чии теми беа одредени врз основа на претходно истражување во земјата. Темите беа:

1. Теорија и концепти на инклузивно образование
2. Инклузивни училишни тимови
3. Опфат на децата кои се надвор од образованието
4. Добивање првична слика (скрининг) и идентификација на образовните потреби
5. Индивидуални Образовни Планови

За да се осигура дека модулите подобро ја одразуваат реалноста и потребите на македонските наставници и обучувачи – наставници, имаше процес на обука на обучувачи кој беше заснован на учество и консултации. Во него учествуваа: претставници од Бирото за развој на образованието, професори од педагошките факултети во Битола и Штип, дефектолози, како и наставници од основните училишта и детските градинки.

За време на работилниците, учесниците не само што се запознаа со нацрт модулите за обука, туку исто така имаа можност да вежбаат користење и приспособување на алатките и активностите за обука, и да дадат повратни информации за подобрување. Оттаму, работилниците за обука–на–обучувачите беа практични и динамични, а учесниците направија оригинални адаптации на активности на обуката. Беа направени и измени на модулите, врз основа на идеите и искуствата на учесниците во текот на практикување на активностите.

На овој начин, четирите модули беа дискутирани, тестирани и изменети.[1] Во порцесот, беше одлучено дека на наставниците и обучувачите, наместо дополнителна работилница за обука-на-обучувачите, потребна им е можност да размислат за она што го сториле досега и за споделување на нивните искуства.

Оттаму, фокусот на петтата работилница, одржана во февруари 2014-та год., беше ставен на рефлексија за модулите за обука и презентирање на студиите на случаи кои се однесуваа на напредокот на училиштата за развој на инклузивното образование во последните неколку години.[2] Оваа куса брошура нуди неколку студии на случаи, изработени од наставниците/обучувачите. Некои примери се фокусираат на целото училиште, додека некои на индивидуалните случаи, деца кои добиа поддршка да учествуваат и учат. Сите студии на случаи нудат идеи и инспирација за останатите практичари – во и надвор од поранешна Југословенска Република Македонија – кои напорно работат да го направат образованието поинклузивно за сите деца.

Студиите на случаи беа напишани од страна на училишните тимови (а не од страна на надворешните консултанти) и се вклучени во оваа брошура со претходен превод и мали корекции.



1 Извештаите од сите четири работилници, кои детално го опишуваат процесот и резултатите, се достапни во УНИЦЕФ Скопје.

2 Извештајот од оваа работилница е достапен во УНИЦЕФ Скопје.

# 1

# Создавање (по) инклузивно училиште –ОУ „Ѓорѓија Пулевски"



# 1. Создавање (по) инклузивно училиште

***Елизабета Петровиќ – (одделенски наставник) – ОУ „Ѓорѓија Пулевски“***

Оваа студија на случај ги опишува инклузивните процеси во ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ во Скопје, кое беше инспирирано од проектот за инклузивно образование, поддржан од УНИЦЕФ.

Во текот на учебна година (2013/14), училиштето имаше 957 ученици, од кои 23 беа идентификувани дека се со посебни образовни потреби. Училиштето има 63 наставници; кои заедно со психологот и педагогот го движат нашето училиште од пристап за интеграција кон инклузивно образование.

Не недостасуваат ресурси, како што покажува и следниот графикон:




Некои од позитивните практики на инклузивен процес кој сега се одвива во нашето училиште беа директно поттикнати од работилниците на УНИЦЕФ за обука-на-обучувачите.

## Позитивни промени (придобивки)




Податоците за оваа студија на случај се од активностите водени од страна на училишниот инклузивен тим.

## Она во што јас верувам



## Започнување со лична посветеност

Ништо не е случајно. Теоријата и концептите на инклузивното образование ми се блиски, и лично и професионално. Во почетната студија се изненадив кога увидов дека сум успеала да стекнам поспецифично познавање на посебните потреби на еден ученик кој боледува од дијабетес. Сепак, јас мислам дека е лесно да се биде инклузивен наставник во моето одделение. Вистинскиот предизвик започна кога ја напуштив мојата безбедна зона, училницата.

## Креирање движење

На почетокот, моите интервенции во училиштето „ги правев без ничие знаење“. Споделував информации и ги придобивав луѓето со слично размислување. Знаев дека наставниците се чувствуваа преоптоварени со важна (и непотребна) работа, и не беа расположени за „губење време“. Поддршката која ја добив од страна на психолошко-педагошката служба и од директорот, во тоа време, беше многу важна за мене.

Полека го изменив мојот пристап да биде подиректен. Подоцна, беше изготвен првиот училиштен документ поврзан со инклузија. Тоа беше акционен план за работа со деца со посебни потреби, и резултираше со основање училишен инклузивен тим.

Обуката која ја стекнав за време на вториот модул на програмата на УНИЦЕФ за инклузивно образование, заедно со студијата на случајот од ОУ „Димо Хаџи Димов“, која беше презентирана за време на обуката, претставуваше основа за создавање на нашиот училиштен инклузивен тим.

Постепено започнавме со „проектот за инклузивно училиште“. Тој проект беше креирањето формула со цел учениците, наставниците и родителите заедно да можат да создадат (по) инклузивно училиште и да бидат вклучени во континуиран процес на инклузија, следејќи ги принципите на социјалниот модел. Успеавме да го направиме тоа спонтано и без притисок, за нашите колеги да не го сметаат за наметната активност.

Постепено, секој ученик со посебни образовни потреби го доби својот индивидуален образовен план (ИОП).

Заедно со училишниот психолог спроведовме работилница. Психологот работеше на студија на случај со наставниците. Јас работев со група ученици и родители за разбирање на социјалниот модел и создавање креативна приказна за едно осамено, отфрлено момче. На крајот, двете групи се соединија, ги споделија своите презентации и дискутираа за нив.

Истовремено, организиравме бесплатно семејно советување во нашето училиште, за семејствата кои имаа потреба од тоа, за да им се помогне да се справат со тековните проблеми и да добијат поддршка во средина (тројца од нашите вработени во училиштето се исто така и советници за семејна поддшка).

Сега можам јасно да забележам дека секој модул во обуката на УНИЦЕФ овозможи различна перспектива за секојдневните предизвици за инклузивниот наставник, тим и училиште.



**Табела 1:** резиме на нашиот „проект за инклузивно училиште“



| | |
|---|---|
| **Цел** | Идентификување на посебните образовни потреби на учениците со:<br>▶ пречки во развојот (физички, ментални, сензорни)<br>▶ проблеми во однесувањето<br>▶ емоционални или здравствени проблеми<br>▶ семејни проблеми како резултат на сериозни состојби (болест, загуба, невработеност, преселување, развод, итн.), или дисфукционално семејство<br>▶ надарени деца.<br><br>Со континуирано охрабрување на присуството, учеството на учениците и постигнувањето резултати во учењето во редовните и воншколските активности, нашето училиште ќе има постојан, динамичен, инклузивен процес  кој ќе ни  помогне да ги утврдиме и задоволиме образовните потреби на сите наши ученици. |
| **Очекувани резултати** | ▶ Сите ученици се почитувани, учествуваат и постигнуваат резултати.<br>▶ Наставниците се образовани, имаат флексибилен пристап и ја прифаќаат различноста (пречки во развојот, однесување, талент, итн.).<br>▶ Учениците учат да ја прифатат различноста и разновидноста (пол, пречки во развојот, однесување, талент, вероисповед, етничка група, социјален статус, итн.).<br>▶ Родителите/старателите се информирани, консултирани, учествуваат во училишните активности и се едуцираат.<br>▶ Континуиран инклузивен процес во рамките на целото училиште, со помош на активности за поврзување базирани врз принципот: „може да подучуваш и може да научиш“. |
| **Активности** | ▶ Работилници со наставниците, учениците и родителите<br>▶ Клубови за талентирани ученици<br>▶ Советување за родители<br>▶ Советување за ученици<br>▶ Соработка меѓу вработените<br>▶ Соработка со родителите<br>▶ Подготовка и учество на учениците на училишни настани<br>▶ Посети на семејствата, а доколку се потребни, и други активности. |

## Предизвици со кои се соочуваме и со кои се обидуваме да се справиме




### *Односи меѓу чинителите*

Предизвиците со кои се соочуваме првенствено се поврзани со функционирањето на *односите* меѓу наставник – ученик – родител.

На наставниците им е потребно континуирано образование (обука, пристап до литература, работилници, инструменти). Ова им помага да ги надминат негативните, индивидуалните согледувања и гледишта / оние базирани на медицински модел. Оттаму, тие треба да се стекнат со вештини за поддржување на учениците и воспоставување соработка со родителите. Во тој поглед, од голема помош е содржината за обука поврзана со човекови права, социјалниот модел на инклузија, дефинирање на инклузивното образование, twin-track пристапот (кој јас ќе го наречам системски пристап), стилови на учење и индивидуализирано планирање. Училишниот инклузивен тим ја користи оваа содржина за обука прилагодена во наш контекст.

Едно нешто со кое не можеме да се гордееме во моментов, е тоа дека некои наставници едноставно ги избегнуваме и дури не се ни обидуваме да ги вклучиме во нашата приказна за инклузивно образование. Тоа се наставници кои отворено покажуваат дека не можат да работат со деца кои се идентификувани како ученици со посебни образовни потреби.

Од друга страна, јас бев пријатно изненадена од група наставници од повисоките одделенија кои постојано соработуваат за да им овозможат на поедини ученици со посебни образовни потреби да ги подобрат своите образовни постигнувања.

> "Поголем дел од нашите наставници го разбираат процесот на инклузија, но некои од нив сè уште веруваат дека детето претставува проблем и дополнителните активности треба да доаѓаат од дефектолозите, родителите или специјалните училишта. Овде ни е потребна повеќе обука."[3]

Од обуката што ја добивме преку УНИЦЕФ, очигледно е дека родителите треба да бидат информирани за пристапот МКФ (Меѓународна Класификација на функционирањето, пречки во развој и здравје) и тие треба да учествуваат во подготовката на ИОП. Ние се обидуваме да ги вклучиме родителите. Тие соработуваат со психолошките и педагошките служби во училиштето, со мобилниот дефектолог и со наставникот. Меѓутоа, знаеме дека соработката може да биде дополнително подобрена, бидејќи таа е суштинска за редовното присуство, реалното учество и постигнувањето на нивните деца во образовниот процес.

Во исто време не можам да ги игнорирам проблемите кои се јавуваат кога очекувањата на родителите во однос на наставниците се превисоки (тоа најмногу се случува кога родителите посакуваат наставниците да постигнат работи кои родителите не ги направиле дома со детето). Разбирливо е дека родителите очекуваат целосна посветеност од страна на наставникот, но исто така постојат и очекувања за родителите.

Предизвиците се особено очигледни во одделенијата со 30-34 ученици и оние со дневен престој. Понекогаш, родителите на учениците со емоционални проблеми (деца кои се повредуваат себеси или се премногу агресивни и претставуваат закана за себе и за другите) имаат силни реакции. Тоа е најверојатно нашиот најголем предизвик и ние се обидуваме да ангажираме лични асистенти и дефектолог со полно работно време за да ни помогнат да се справиме со тие проблеми. Две години по ред, училишниот инклузивен тим се обидува да го доведе овој дополнителен кадар. Можеби следната учебна година, заедно со родителите, ќе успееме во тоа.

3 Цитатите во оваа студија на случај се од презентацијата дадена за време на работилницата за споделување искуства во февруари 2014 година.

### *Конкурентни приоритети*

Имаме клубови за талентирани деца, работилници за деца со посебни потреби, како и групи за поддршка (кои се поврзани со инклузивна, литературна или уметничка содржина, употребувајќи пристап како што е терапија со уметност), и учениците се редовно вклучени во сите училишни настани. Сепак, во текот на последнава учебна година, овие активности не беа толку застапени како изминатите две години. Наставниците сè повеќе ја трошат својата енергија на пополнување писмени документи за инспекциските служби. Тие буквално се во трка со времето за да можат сè да вклопат, но за жал се мачат да им дадат приоритет на дополнителните активности и клубовите.

> "Начин на кој ја поддржуваме инклузијата е нашето слободно време да го искористиме за поддршка на нашите колеги во подучувањето, особено кога има деца со посебни образовни потреби."

### *Поддршка за сите ученици*

Имаме голем број успешни примери на инклузија на одредени деца кои заслужуваат да бидат студии на случај. На пример, училишниот психолог создава програма за работа за ученик со аутизам, употребувајќи ИКТ. Во моментов, поголемиот дел од времето ученикот го минува во канцеларијата на психологот, а не во училницата, и доколку овој нов пристап се покаже како успешен за поддршка на ученикот повеќе да се ангажира во учењето во училница, тогаш ќе вреди да биде забележан како студија на случај.

Сепак, верувам дека секој ученик кој понекогаш не го постигнува својот максимален потенцијал може да биде сметан за ученик „со посебни образовни потреби". Ова гледиште често пати се разгледува и дискутира во нашето училиште. Свесни сме дека бројот на ученици кои се со „посебни образовни потреби" всушност е многу повисок од 23. Има сè повеќе деца кои покажуваат проблеми во однесувањето и слаби резултати на училиште поради семејни проблеми (болест, развод, загуба, невработеност, растурено семејство, итн.).

Наставниците се во првите борбени редови. Тие ги забележуваат пореметувањето за време на часовите, нередовното завршување на домашните работи, загуба на интерес, недисциплина и намалување на училишните постигнувања. Наставниците забележуваат кога односите помеѓу соучениците се менуваат, кога учениците се повлекуваат во себе или стануваат агресивни. Знаат дека некои деца често пати се отсутни од училиште поради здравствени проблеми. Понекогаш училиштето станува место каде што гневните сопружници си разменуваат взаемни непријателски чувства, или за расправии со другите (на пр. наставник, родител, директор, итн.), што дополнително ја влошува состојбата за нивните деца.

Оттаму, училишниот инклузивен тим планира активности насочени кон идентификување на учениците кои доаѓаат од семејства во кои имало развод, за да може да даде соодветна поддршка. Нашето мислење е дека во нашата урбана средина расте бројот на деца кои ги трпат последиците од развод. (За жал, истражувањата во последниве 40-50 години покажуваат дека во „дисфункционалните семејства“, разводот остава огромни последици по менталното здравје на децата која се споредува дури со смрт на родителот.)

### *Опрема*

Иако можеме да бидеме пофалени за тоа што отстранивме многу архитектонски и психолошки бариери за инклузијата, а исто така ја поддржавме примената на асистивната технологија, сепак постојат многу други работи кои би можеле да ги направиме а би гарантирале попозитивни промени за учениците. За нас, соодветно опремените училници се навистина многу важни. На пример, неодамна успеавме да обезбедиме маса за ученик кој боледува од церебрална парализа. Штом ќе ставиме брава на училницата на приземјето, која ќе биде опремена со компјутери, девојчето ќе биде во можност да ги посетува часовите по информатика (кои во моментов се одржуваат на првиот кат).

## Осврт кон нашите предизвици

Учеството во проектот за инклузивно образование на УНИЦЕФ Скопје ме охрабри одново да размислам за нашите предизвици во училиштето. Моето учество во последниот модул за обука беше нов поттик да се фокусирам на тековните инклузивни процеси и за идниот потенцијал на училиштето. Сакав да ги споделам последните впечатоци од обуката со колегите и да им објаснам што сè правиме за нашите ученици со посебни образовни потреби и колкава моќ имаме ние како наставници.

> “Верувам во моќта на наставниците, но понекогаш тие не ја разбираат својата вистинска сила и потенцијал и колку животи биле позитивно засегнати од поддршката на наставникот.”

Кога го направив ова, некои наставници реагираа неочекувано негативно, па дури и загрижено. Можеби немаше да се почувствувам толку фрустрирана доколку го употребев мојот стар пристап: „работи без тие да знаат дека работиш“! Сепак, иако беше потребна голема енергија да се дојде до заеднички заклучок, моите колеги сепак разговараа за важните предизвици, за кои верувам дека исто така се применливи и за другите училишта. Ги резимирав во Табела 2, покажувајќи ги можните решенија на кои веќе работиме, но исто така и идеите на кои ќе почнеме да работиме.



**Табела 2:** анализа на предизвиците и решенијата

| Предизвици | Можни решенија |
| --- | --- |
| ▶ Учениците со посебни потреби, кои не се забележани при запишувањето во прво одделение (на пример, ученици со емоционални проблеми), со можност за несразмерно распоредување на децата со посебни потреби меѓу одделенијата | ▶ Задолжително присуство на наставникот во процесот на запишување, со цел идентификување на учениците со посебни потреби |
| ▶ Наставници кои одбиваат да работат со ученици со посебни потреби | ▶ Наставникот може да биде замолен да напише изјава со објаснување |
| ▶ Колеги кои мислат дека процесот на инклузија во училиштата не е соодветен, или може да биде подобрен | ▶ Вклучете ги во работата на училишниот инклузивен тим и обидете се да ги имплементирате нивните предлози и активности (доколку имаат некои) |
| ▶ Недостаток од вклученост на родителите | ▶ Задолжително вклучување на родителите при создавањето на ИОП<br>▶ Присуство на работилници осмислени од инклузивниот тим и средби со училишниот советник |
| ▶ Родители кои не соработуваат и се нереални | ▶ Кодекс на однесување за наставниците/родителите |
| ▶ Ученици чие однесување ја загрозува нивната и безбедноста на нивните соученици | ▶ Барање за личен асистент и дефектолог (како и вклученост на Одборот на Родители) |
| ▶ Деца со ADHD (хиперкинетски синдром) | ▶ Повремени активности со психолог или педагог<br>▶ Повремени активности во другите одделенија, за да се измени контекстот и да му се овозможи на наставникот да се сосредоточи на другите деца, додека детето е отсутно<br>▶ Работилници |

## Моите размислувања за реалната инклузија во училиштата

Вистинската инклузија не може да се случи без системски пристап. Дури и да постои идеал дека училиштето ќе биде „пријателско“ за детето со посебни образовни потреби, сепак ќе бидат потребни интервенции од системот, мрежно поврзување и врски. Една самохрана мајка на посвоено дете со посебни потреби во нашето училиште го кажа следново: “Државата ми го даде ова дете. Таа треба да ми помогне да се грижам за него. Потребна ми е финансиска помош за да можам да му платам на лицето што ќе го земе од училиште и ќе се грижи за него  дома, додека јас не се вратам од работа.”

Работењето кон инклузивно општество значи отстранување на бариерите и инвестирање во подобар системски пристап. Во иднина, би сакала да се случат следниве промени:




Верувам дека инклузивното образование е единствениот конкретен пат кој води до инклузивно општество. На сите деца (луѓе) понекогаш им треба посебно внимание и поддршка, за да можат полесно да ги надминат секојдневните предизвици или можеби за да ги пребродат одредените кризи со кои се соочуваат.

Секое дете е посебно; талентирано и одредено да успее во нешто. Доколку им се помогне на децата (луѓето) да сознаат успех при завршувањето некоја работа, ним ќе им се отворат многу можности, што ќе им овозможи искусување на успешна животна приказна.

Знам дека инклузивниот модел не е прифатен од некои луѓе, па дури и ги заплашува. Понекогаш кога говорам за инклузија, се чувствувам како натрапник кој стои пред нечија врата. Доколку нечие срце е врата која е заклучена за љубов... за прифаќање... зошто јас треба да се засрамам? "Она што не можете да го направите со една личност, секогаш можете да го направите со некој друг!" (И. Коларов)

Пишувањето на оваа студија ми даде многу важно лично сознание – Јас постојано ја поврзувам инклузијата со системска семејна терапија.

Инклузијата е динамичен пристап кој постојано се одвива во секое (повеќе) инклузивни училишта. Понекогаш се чувствуваме дека сме на врвот затоа што сме надминале некоја клучна препрека, но знаеме дека остануваат нашите предизвици. Инклузивната приказна продолжува. Светот е големо место со многу можности!

2

# Поддршка за присуство, учеството и постигнување: значењето на соработката – ОУ "Димо Хаџи Димов"



# 2. Поддршка за присуство, учеството и постигнување: значењето на соработката

***Милка Ивановска (педагог), Виолета Ѓорѓиева (психолог), Катица Дуковска Муратовска (одделенски наставник), Невена Петковска (предметен наставник), Анета Ѓорѓиевска (одделенски наставник) – ОУ "Димо Хаџи Димов"***

*"Веруваме дека сите деца можат да учат; секогаш ќе промовираме амбиент кој го поттикнува учењето."* (Училишна парола)

## Вовед

Во училиштето „Димо Хаџи-Димов", нашите богати искуства и нашата посветеност на инклузивното образование се карактеризираат со различни предизвици и успеси.
Многу ученици го најдоа своето место во општеството, благодарејќи на нашата посветеност на инклузивното образование. Веруваме во инклузивната методологија и го споделуваме овој дух со нашите помлади колеги за да „го отворат патот" за сегашните и идните генерации. Оваа студија на случај е посветена на сите наши ученици.

Во оваа студија на случај ќе покажеме како ги имплементираме инклузивните практики за сите ученици со посебни образовни потреби. Ќе ги појасниме добрите практики за создавање услови кои им овозможуваат на учениците со пречки во развојот да се запишат и успешно да напредуваат во нашето училиште. Се надеваме дека оваа студија на случај, во која е претставено дете кое ќе го именуваме ММ, ќе им помогне на останатите наставници да ги надминат сличните предизвици.

## Средба со родител

Во септември 2011 година одржавме работилница за да го означиме формирањето на нашиот Родителски Ресурсен Центар за родители на деца со пречки во развојот.
На работилницата учествуваа УНИЦЕФ, родители, како и инклузивниот тим на нашето училиште,[4] меѓу другите. Нашиот инклузивниот тим ја претстави својата работа и го објасни процесот на развивање инклузивни образовни практики. Родителите внимателно ја слушаа презентацијата. За време на паузата за кафе, еден родител ни раскажа за неговиот син – целата приказна од неговото раѓање до денес (на 6-годишна возраст):

> Момчето се развивало добро во текот на својата прва година, но проблемите се појавиле (на возраст од 13 месеци). Родителите забележале недостаток на внимание и момчето избегнувало директен контакт очи-в-очи. Не одговарал на своето име и го загубил говорот. Родителите побарале професионална помош и долго време минале посетувајќи разни институции пред да биде одредена дијагнозата.

По раскажувањето на приказната, со искра во очите, таткото рече, "Најдов училиште за моето дете".

4 Може да прочитате повеќе за развојот на нашиот училиштен инклузивен тим во "Enabling Education Review" издание 1, 2012 година, објавено од EENET: www.eenet.org.uk/resources/eenet_newsletter/eer1/index.php

## Средба со останатите кои го познаваат детето

Во мај 2012 година одново се сретнавме со родителите на ММ, за да разговараме за неговото запишување во 1-во одделение. Направивме план за да го подготвиме за новата училишна средина. ММ неколку пати дојде во неформална посета на училиштето, заедно со родителите, за да се запознае со инклузивниот тим и општо со училишна средина. Меѓутоа, штом ММ дојде во училиштето во јуни, членовите на нашиот инклузивен тим забележаа дека тој е видливо вознемирен, неговите очи покажуваа страв и се тресеше, постојано движејќи ја главата. Затоа го спречивме неговото повторно доаѓање за да не предизвикаме дополнителна вознемиреност.

Разговаравме со таткото на ММ, кој ни предложи да се сретнеме на некоја друга локација. Затоа, училишниот инклузивен тим, одредениот наставник на ММ и неговите родители го посетија Детски Свет Исток – Специјално образование; институција за вежби која ММ ја посетуваше двапати неделно за индивидуална работа. Исто така го посетивме и Бирото за образование- Логопедика, каде што ММ, трипати неделно одеше на терапија за говорот.

ММ веќе беше запознаен со овие места и таму се зближил со уште едно дете. Беше навикнат да одговара на прашања преку игри; а исто така дознавме дека може да брои до/од 10, ги знаеше врските, боите, формите и буквите. Затоа разговаравме со неговиот едукатор и логопед и дознавме нешто повеќе за вештините, потребите и можностите на ММ. Бевме среќни!

Во септември 2012 година, ММ, заедно со неговите родители, дојде на неговиот прв час. Новата средина и поголемата раздвиженост во училницата сè уште го вознемируваа, но неговите наставници – кои сега ги препознаваше – му помогнаа и го охрабрија да игра со другите деца.



## Поддршка од децата во одделението

ММ времето го минува со многу деца од неговото одделение, но најмногу со детето кое седи до него. Внимателно ги завршува задачите. Со мала помош од неговиот наставник, ММ успешно ги извршува задачите планирани во неговиот ИОП, како комуницирање (често пати невербално) и интеракција со непознати лица, како и гледање очи-в-очи. Неговото внимание се подобрува и тоа го одразува неговиот општ когнитивен развој. ММ се дружи со своите соученици вон часовите, присуствува на родендени, игра во занималната и на организираните средби во домашни услови, и секогаш ја завршува својата домашна работа – со мала помош од неговите родители.

ММ има своја рутина која ја користи во и вон училницата. На пример, тој мора да се движи по предодредена рута низ училиштето инаку се вознемирува, затоа ние го подржуваме во тоа. Тој исто така јаде храна без глутен и казеин која му ја носат од дома, наместо храната која е подготвена во училиштето. Овој начин на исхрана  помага во подобрување на неговата состојба.

Сѐ што правиме за него е прилагодено на неговите потреби и на контекстот. Во работата со него употребуваме различен пристап и тој добро напредува. Родителите на ММ забележуваат дека тој е целосно прифатен од страна на наставниците. На часот го прави она што ќе му каже наставникот, сака да се спријателува и да се дружи, покажува емоции и емпатија кон неговите другари. Тој исто така е прифатен од родителите на неговите другари.

Заедничкото планирање и соработка меѓу училиштето, родителите на ММ и персоналот во професионалните институции вон училиштето, резултираа со позитивни промени и му помогнаа на ММ да постигне голем успех. Родителите се среќни. Училишниот тим е среќен.

Ова е СВОТ анализа на моменталната состојба на ММ:

| Предности | Слабости |
|---|---|
| ▸ социјализација и комуникација<br>▸ доверба<br>▸ сака да учи Англиски јазик<br>▸ сака часови по физичко образование | ▸ говор<br>▸ тешкотии со читање<br>▸ краткотрајна меморија<br>▸ кршење на поставените правила |
| **Можности** | **Закани** |
| ▸ комуницира со другите ученици и наставници<br>▸ независен; останува во училиште (без родителите)<br>▸ примена на ИКТ<br>▸ физички и ментален развој | ▸ прифаќање во пошироката средина<br>▸ тешкотии со некоја настава<br>▸ изолација<br>▸ отфрлање од групата |

*Училишниот инклузивен тим*

3

# Поддршка за присуството, учеството и постигнувањето: значењето на креативните интервенции - ОУ „Дане Крапчев"



# 3. Поддршка за присуството, учеството и постигнувањето: значењето на креативните интервенции



***Розалија Давковска (дефектолог) и Тања Метикош (одделенски наставник) – ОУ „Дане Крапчев"***

## Вовед

Лицата со оштетен слух често пати се среќаваат со тешкотии при формулирање на реченици и имаат мал вокабулар, што води до тешкотии во комуникацијата. Во земјата, откривањето на оштетување на слухот кај децата, како и почетните активности за рехабилитација, се изведуваат од страна на посебни институции и служби, пред детето да биде упатено во основно образование. Сепак, и покрај поддршката за рехабилитација што овие деца ја добиваат, за наставниците е предизвик (и за останатите лица кои се директно или индиректно вклучени во образовниот систем) секојдневно да работат со нив во редовно одделение. Оттаму, оваа студија на случај се фокусира на флексибилниот и креативниот пристап кој се применува во нашето основно училиште во работата со ученик кој има благо оштетување на слухот.

Наодите врз кои е заснована оваа студија беа собрани преку разговори со одделенскиот наставник и соработниците, како и преку анализа на документи. Целта на оваа студија на случај е да го покаже процесот на вклучување на ученик со оштетен слух во нашето училиште.

## Ученикот

Ученикот на кој се фокусираме е АХ, 11-годишно девојче кое учи во ОУ „Дане Крапчев". Таа има благо оштетување на слухот. За време на постапката на запишување, училишниот инклузивен тим забележа дека АХ има тешкотии во говорот. Тие предложија нејзините родители да ја однесат во Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас. Беше дијагностицирано оштетување на слухот, што е причина за тешкотиите во говорот на АХ.

## Идентификување на способностите и потребите

На почетокот, кога АХ почна да посетува училиште, нејзините потреби беа оценети преку опсервации и индивидуализиран пристап. Таа веднаш покажа знаци на потешкотии со следењето упатства, и единствено учествуваше во активности кои ја интересираа, како цртање и играње. АХ е особено надарена за цртање. Нејзиниот говор беше ограничен на повторување зборови. Од самиот почеток, ние се фокусиравме на социјализацијата: подобрување на

комуникацијата на АХ со наставникот и соучениците и нејзината ангажираност во активностите во одделението.

АХ започна подобро да комуницира со останатите ученици и наставникот, употребувајќи кратки реченици и одигрувајќи ги нејзините идеи. Таа се соочуваше со особена тешкотија кога гледаше во нешто, се потсетуваше и подоцна го препознаваше и именуваше (на пример, букви, бројки, имиња на деца). Исто така, таа имаше ограничен вокабулар и не можеше да употребува сврзници, дури и во кратки реченици. Од друга страна, АХ беше особено вешта со склопување сложувалки и покажа креативност за цртање. Дополнителен идентификуван предизвик е тоа што родителите на АХ не соработуваа целосно. Тие го прифатиле проблемот, но не секогаш беа вклучени во активностите. Дополнително на тоа, семејството говореше на друг јазик во својот дом, споредено со јазикот кој се говори во училиштето, бидејќи се Босанци.

## Задоволување на потребите на ученикот

Прв чекор беше идентификувањето и проценувањето на индивидуалните потреби и способности на АХ. Тоа исто така го опфаќаше проценка на нејзиниот стил на учење, областите во кои таа е најуспешна, како и областите каде и е потребна поголема поддршка за да може да учествува во учењето и да ги завршува своите задачи.

Беше изработен ИОП кои ги дефинираше наставните цели за АХ кои одговараа на нејзините способности и идентификувани потреби. На почетокот, акцентот беше ставен на писменоста, но исто така беа креирани издвоени цели за сите предмети. Целите беа испланирани за да се надминат тешкотиите и да се пополнат празнините како што се: збогатување на вокабуларот, да научи да слуша и да комуницира со пријателите, да говори во кратки реченици, да стекне нови концепти и да го научи нивното значење. За секојдневно успешно функционирање во одделението, најважно беше АХ да има свои задачи и активности и да може да им ги покаже своите постигнувања и завршени задачи на останатите.

Постигнувањето на горенаведеното бара мултидисциплинарен пристап од тим на експерти кои се дел од училишниот инклузивен тим. Имаат за цел да дадат совети и поддршка во текот на образовниот процес, со цел постигнување инклузија на ученичката и развој на нејзиниот целосен потенцијал, како и олеснување на прифаќањето на ученичката од страна на нејзините соученици.

Следните наставни методи/стратегии беа употребени со АХ:

- индивидуализиран пристап
- работа во парови и мали групи
- игра, опсервација, покажување слики, апликации, предмети, играчки, илустративен метод, дијалог, практична работа
- креирање индивидуални наставни брошури за образовни цели
- употреба на наставни помагала, образовен софтвер, материјали од интернет.

За време на часовите по ликовно, АХ покажа високо ниво на иницијатива и истрајност во нејзината работа. Таа поседува неверојатна способност да забележува и помни детали и општи конструкции. Таа е мошне креативна и поседува неверојатна имагинација и нејзиниот цртеж е многу прецизен. Обично црта со молив и користи различни видови линии и структури. АХ може да покаже простор, тридимензионална длабочина, фигури во движење, пропорција, многу детали и чувства (подолу се дадени примери од нејзините  цртежи).

Бидејќи чувствата и мислите на АХ најдобро се искажуваат со помош на цртежи и илустрации, оваа способност и стил на учење скоро секогаш се користи во процесот на стекнување знаења и вештини за другите предмети. Минатата година, во соработка со наставникот за ликовно, беше подготвена посебна програма за АХ (за надарени ученици).

## Резултати

АХ сега е шесто одделение и ги постигнува целите согласно нејзините способности. За неа се изработува долгорочен (годишен) и среднорочен (актуелен) ИОП, за сите предмети каде што таа не може да ги постигне целите од националната наставна програма за соодветното одделение. Мониторингот на имплементацијата на ИОП покажува дека таа најчесто ги исполнува своите цели, но доколку нејзините родители беа поангажирани во процесот, резултатите ќе бидат уште подобри.

Посебната програма за ликовно за надарени ученици, која беше подготвена за АХ, значи дека таа посетува дополнителни часови, а исто така учествува на натпревари во и вон училиштето. Нејзините цртежи се изложени во училницата и низ училиштето, а таа учествува во создавањето визуелни наставни помагала, илустрации и постери кои ги употребуваат самите наставници.

Опсервацијата на индивидуалните и групни дискусии меѓу АХ и нејзините соученици покажува дека таа е добро прифатена од сите и се социјализира. Има солидно ниво на постигнувања, согласно нејзините способности и образовните цели поставени во нејзиниот ИОП, АХ е вклучена во сите активности во училишната заедница (училишни претстави, изложби, вонсколски активности, итн.).

Позитивните исходи презентирани во оваа студија на случај првенствено се резултат на индивидуализираниот пристап, високото ниво на посветеност покажано од страна на нејзиниот наставник, како и процесот на мониторинг и оценување на напредокот од страна на психолошко-педагошките служби во училиштето.

*При постигнување на целите, акцентот е ставен на предностите и искористување на потенцијалот/талентот на ученикот за да им се помогне да ги постигнат целите.*

Акциониот План на училишниот инклузивен тим значи дека редовно се спроведуваат активности за учениците како АХ. Тоа вклучува организирање средби за размена на искуства меѓу наставниците кои им предаваат на овие ученици, обезбедување индивидуална поддршка, разбирање на социо-емоционалниот статус на учениците и преземање дејства за подобрување, итн.



## Препораки

Инклузивниот пристап во образованието започнува од гледиштето дека треба да се направат неопходни промени во училиштата со цел секое дете – без оглед на неговите способности – да може да се развива со сопствен ритам. Основата за горенаведеното е таа дека секое дете има право да биде вклучено во сите сфери на општеството, вклучувајќи го и училиштето. Сите деца учат на различен начин, без оглед дали детето е со посебни потреби или не. Доколку ги следиме овие принципи, тогаш процесот на инклузија на сите деца во редовните училишта нема да биде многу тежок. Оваа студија на случај е позитивен пример за тоа како може да работиме со дете со посебни потреби во редовно училиште.

За да имаме поголем број вакви успешни приказни, потребно е заедничко дејствување на повеќе сектори.

Примерот на АХ покажува дека најважното прашање е наставникот и неговиот/нејзиниот став, како и ставот на сите оние кои се дел од процесот. Затоа е неопходно да се има системски организиран пристап кон инклузијата: зголемување на ресурсите (човечки и материјални); обезбедување дополнителна поддршка за наставниците (обука, поддршка со имплементација и подготовка на ИОП, итн.); како и проширување на училишните психолошко -педагошки тимови.

Исто така, неопходно е да се организираат чести работилници за споделување на примерите за успешна инклузија со наставници, родители, експерти и директори. Овие работилници може да бидат организирани на локално, на ниво на заедницата или на регионално ниво, со цел менување на ригорозните ставови кои се сè уште присутни меѓу наставниците, како и нивното мотивирање да работат со ученици со посебни образовни потреби.

Оваа студија на случај е позитивен пример од нашето училиште, за пристапот што училиштето треба да го има со учениците кои се со пречки во развојот, за да можат да се развиваат и да постигнуваат резултати. Се надеваме дека оваа студија ги охрабрува читателите да размислат што друго може да се направи или што тие би направиле поинаку за да постигнат подобри резултати.

4

# Обука и поддршка за инклузивно образование: планови, дејства и резултати – ОУ „Лазо Ангеловски“



# 4. Обука и поддршка за инклузивно образование: планови, дејства и резултати

***Вангелина Мојаноска (одделенски наставник) и Душанка Панкова (одделенски наставник) – ОУ „Лазо Ангеловски"***

## Вовед

Во текот на изминатите две години, во ОУ „Лазо Ангеловски", креиран е систем на услуги за ученици со посебни образовни потреби. Истовремено работиме на развивање восприемлива локална средина и креирање услови за инклузија на лица со посебни образовни потреби преку активности во заедницата.

Повеќето училишта во земјата се чувствуваат неподготвени за инклузивно образование од аспект на вработени, програми, технички и физички услови. Мал број училишта имаат формални инклузивни тимови. Некои од нив се формираат ад хок, како одговор на потребите на децата или како резултат на барањата од интегралните евалуации од страна на инспекторите од Државниот Просветен Инспекторат (ДПИ).

Истата ситуација ја имавме и во ОУ „Лазо Ангеловски". Иако училиштето има искусни и извонредни наставници, тие немаат научено како да работат со лица со посебни образовни потреби во текот на нивното формално образование (додипломски студии) или во текот на подоцнежните обуки на професионалното усовршување. Како и што се претпоставува, наставниците сметаа дека им недостасува доверба, вештини и ресурси да се справат со различните часови, и се чувствуваа особено неподготвени да им предаваат на ученици кои претходно автоматски биле упатувани во специјалните училишта.

## Влијанието на обуката

Учеството на обуката организирана од УНИЦЕФ нè охрабри да го истражиме ова прашање и да му посветиме поголемо внимание. Започнавме со анкета за наставниците, за да ги утврдиме нивните потреби за обука во областа. Дознавме дека над 60% од наставниците, пред вработувањето, немале обука за посебни образовни потреби или инклузија и останатите имаат добиено таква обука само како избран предмет. Исто така дознавме дека наставниците веруваат дека инклузијата се однесува само на деца со пречки во развојот, а не на други проблеми (на пр. сиромаштија, психолошки трауми, итн.). Наставниците сметаа дека немаат проблеми со инклузија на нивните часови затоа што тие немале деца со умерени и тешки пречки во развојот во нивните одделенија.

Потоа изработивме план за споделување на информации поврзани со инклузивното образование. Во текот на следните обуки организирани од страна на УНИЦЕФ, добивме многу материјали со упатства, а потоа работевме на примена на оваа обука. Истовремено, подготвивме неколку инструменти за евидентирање на преземените дејства.

Во ноември 2012 година, училиштето имаше Интегрална Евалуација од страна на инспектори од ДПИ, кои наведоа дека нашето училиште нема доволно докази за активности со деца со посебни потреби. Меѓутоа, во јануари 2014 година, следната инспекција го оцени нашето училиште со највисоки оцени од аспект на инклузија.

## Етапи на планирање на инклузивното образование во нашето училиште

Се запрашавме:

- Кои се придобивките и кои се ризиците?
- Како ќе знаеме дека сме успеале?
- Кој / што / како?
- Што можете да дадете, што можете да побарате?
- Каква поддршка е потребна?

Врз база на овие размислувања, создадовме акционен план за имплементација на инклузивното образование.

Следејќи ги работилниците за обука-на-обучувачите, овозможени од УНИЦЕФ, во април и јуни 2012 година, училишниот инклузивен тим беше формиран на почетокот на учебната 2012/2013 година. Тимот се состоеше од одделенски и предметни наставници и стручњаци.

Беше спроведена анкета за да се одредат знаењата, ставовите и искуствата на наставниците во однос на работата со деца со посебни образовни потреби, како и нивните потреби за обука. Анкетата покажа дека 83% од наставниците во нашето училиште немале никаква обука за работа со деца со посебни образовни потреби, а 67% од нив немале работено со деца со посебни образовни потреби за време на нивните додипломски студии. Истовремено, 85% од наставниците сметаа дека секој наставник треба да добие обука за да може да работи со овие деца.

Наставниците ги идентификуваа следните потреби од обука како приоритетни:

- Препознавање на посебните потреби на учениците (83%)
- Приспособување на наставната програма и подготовка на специјални програми (80%)
- Употреба на различни видови проценка (85%)
- Помош при социјализацијата на детето (89%).

Врз база на резултатите од анкетата, училишниот инклузивен тим ја креираше програмата за работилниците за наставниците.

***Работилница 1 (21 ноември 2012):***

Колегите/наставниците беа охрабрени да ги споделат искуствата. Работилницата овозможи разбирање на тоа од каде доаѓа инклузивното образование, кои влијанија делуваат на неговиот развој и како се совпаѓа поширокиот социјален контекст.

***Работилница 2 (8 јануари 2013):***

Колегите/наставниците го воведоа двојниот (‘twin-track’) пристап како едноставна основа за почеток на имплементацијата на инклузивното образование од гледна точка на социјалниот модел.

***Работилница 3 (30 август 2013):***

Наставниците се стекнаа со практично искуство за оценување на учениците со помош на портфолија (тоа вклучуваше, на пример, различни портфолија за различни цели, значењето да се вклучат учениците при составувањето на портфолиото и како да се оценуваат на најправичен начин).

Наставниците исто така беа запознаени со законите поврзани со имплементацијата на инклузивното образование (Националните закони, меѓународни и национални документи, Изјавата од Саламанка, Национална Стратегија за изедначување на правата на лицата со пречки во развојот).

Тие понатаму беа запознаени со постапките и инструментите за препознавање на надарените деца, како и за употреба на формуларите за ИОП (им беа дадени упатства за подготовка).

***На 15 ноември 2013*** беше одржана средба на инклузивниот тим со родителите и учениците со пречки во развојот во повисоките одделенија (одделенија VI, VII, VIII), каде што родителите ја дадоа нивната согласност да се креираат ИОП за нивните деца.

***на 15 јануари 2014,*** беше организирана ***Работилница 4***. Училишниот инклузивен тим, заедно со колегите/наставниците, креираше образец за дневна подготовка на часовите за децата со посебни потреби. Тие разменуваа искуства, а беа разгледани и инструментите за мониторинг на децата со посебни потреби.

Училиштето создаде правила кои го потврдија правото на детето на ИОП, опишувајќи ја неговата имплементација и евалуација. Во тек е усвојувањето на овој процес.

За време на обуката ние добивме бројни прашања од наставниците. Еве некои од нив, со нашите одговори:

| КАКО ДА СЕ ПРЕМОСТАТ ПСИХОЛОШКИТЕ-СОЦИЈАЛНИТЕ БАРИЕРИ (НЕГАТИВНИ СТАВОВИ И ПРЕДРАСУДИ) СО НАСТАВНИЦИТЕ, РОДИТЕЛИТЕ, ЗАЕДНИЦАТА? | |
|---|---|
| Кој го изготвува ИОП? | Наставникот со стручната служба и родителите/старателите |
| За кого е наменет ИОП? | За секое дете кое не ги постигнало очекуваните резултати |
| До кога треба да се употребува ИОП, дали ИОП е за ученикот кој почнува прво одделение? | Треба да се изработуваат во различни средини, индивидуализација на наставата и воншколските активности; доколку ученикот не напредува тогаш се изготвува ИОП |
| Мора ли родителот/старателот да даде согласност за ИОП? Кои се следните чекори доколку не се постигне согласност? | ИОП не може да биде изготвен без писмена согласност од родителот. Доколку нема согласност, училиштето продолжува да помага и да нуди поддршка преку индивидуализиран пристап |
| Мора ли родителот/старателот да биде член на тимот кој го создава ИОП? Што се случува ако одбијат? | Родителите/старателите треба да бидат членови на тимот кој го создава ИОП, но ако одбијат, професионален тим ги презема правните мерки за инклузија |
| Кој го изготвува педагошкиот профил на ученикот? | Наставникот и стручните работници ги собираат податоците преку различни постапки и од различни извори |
| Како да се одредат индивидуалните (приспособените) очекуваните резултати? | ИОП почнува од предностите, вештините и способностите и интересите на ученикот и ги приспособува очекуваните резултати на наставната програма |
| Колку време треба да им се овозможи на децата со посебни образовни потреби? | Ова зависи од потребите на ученикот и наставникот, и од подготвеноста и флексибилноста на училиштето да ја организира работата. Со добро планирање и организирање на работата, поддршка од колегите и избраните соодветни стратегии за адаптација, наставникот ќе го посвети своето време на сите ученици |
| Како се проценуваат децата со ИОП? | Согласно методот дефиниран во евалуацијата на ИОП, водејќи сметка за очекуваните резултати. Употребата на описни и нумерички оцени во согласност со законот, со специфични упатства за одредување на имплементацијата и евалуацијата на ИОП, како и стандардите и критериумите за оценување на учениците |
| Што доколку не функционира ИОП (нема разлика)? Дали ученикот ќе го повтори одделението? | Ученикот кој е образован следејќи го ИОП не може да повторува. Доколку ИОП не функционирал, тоа значи дека планираната поддршка не ги исполнила образовните потреби на ученикот и дека е потребна проверка на ИОП. |
| Дали ученикот кој во одреден период имал ИОП и ги постигнал очекуваните резултати, може подоцна да биде вклучен во одделение без ИОП? | Ученикот може да го постигне тоа, но постигнувањето редовно се набљудува и проценува за да се види до кој степен се потребни некои видови индивидуализирано прилагодување. |
| Дали наставниците се обучени да работат со деца со посебни образовни потреби? | Наставникот е обучен за процесот, а училишните стручни служби може да работат со деца со посебни потреби. Праксата покажува дека околу 80% од успехот на сите ученици е резултат на примената на модерни педагошки методи, а околу 20% се однесуваат на примената на конкретни / специјални образовни процедури. |

## Резултати

Како резултат на горенаведените активности, ние го увидовме следното:

### *Во некои училници*

- наставниците пренесуваат квалитетно знаење на секое дете
- има задоволство дека секое дете напредува согласно неговите/нејзините способности
- има подобрен амбиент во училницата
- наставниците ефикасно го употребуваат времето
- нема „оправдување" пред останатите ученици за некои оцени
- секое дете е вклучено во индивидуална работа и се обидува да ја заврши работата
- наставниците имаат поголема контрола во училницата
- наставниците знаат кој пристап е потребен за секое дете
- направен е ИОП за секое дете со посебни образовни потреби
- наставниците лесно пренесуваат одредени знаења и вештини
- наставниците знаат што да очекуваат од дете кое има ИОП и полесно им е да го оценат напредокот на детето според ИОП
- наставниците веќе не се плашат од неуспех
- останатите деца во одделението имаат можност да учат за различноста и да ги прифатат разликите меѓу нив
- соучениците им даваат поддршка и помош на децата со посебни образовни потреби.

### *Деца со посебни образовни потреби*

- не се изолирани од врсниците, туку се дружат и се прифатени
- полесно им е да научат и се мотивирани
- имаат поголема самодоверба, со поголемо самопочитување
- имаат можност за напредување
- имаат зголемена посетеност на училиштето
- усвојуваат функционално животно знаење.



### *Училиштето*

- достапно е за сите деца
- поттикнува почитување на правата на децата
- создаде и го подобри квалитетот на условите за инклузија на децата со посебни образовни потреби
- има корист од искуството на многуте наставници и поседува материјали кои се доказ за работата со деца со посебни образовни потреби
- промовира зголемена соработка и размена на материјали меѓу наставниците и другите училишта
- го развива концептот на демократија во секој поглед
- има позитивна репутација која расте
- очекува помошната технологија да стане достапна.

### *Родителите*

- имаат разбирање и го поддржуваат инклузивното образование
- се чувствуваат инволвирани (еднаквост)
- сигурни се дека нивното дете ќе го заврши училиштето
- добиваат помош и психолошка поддршка.

## Иднина

За да се продолжи со подобрување на нашиот пристап кон инклузивно образование, училишниот инклузивен тим ги планира следните активности:

### *Писмо до родител/старател*

Праќање писмо до родителите/старателите на деца со посебни образовни потреби. Тоа ќе овозможи основни информации за тоа што е ИОП, зошто е потребен и како е креиран. Ова ќе помогне во надминувањето на предрасудите и стравот кој што го имаат некои родители.

Почитувани родители,

Оваа информација накратко го опишува процесот на креирање индивидуален образовен план (ИОП). Овој ИОП е создаден кога детето се соочува со тешкотија, пречка или има потреба од поддршка во образованието. Целта на ИОП е да му овозможи успех и да му даде поддршка на ученикот.

ИОП е писмен план кој вклучува одредени информации за детето и дава преглед на активностите во образовниот процес, преземени за да ги исполнат неговите потреби. ИОП ги опишува индивидуализираните цели и/или измени, а исто така обезбедува детали за професионалците кои даваат стручна помош. Училишниот инклузивен тим го подготвува детето за инклузија, преку процес на консултација и соработка со Вас и добивање информации од Вас. Подготовката на ИОП го вклучува родителот/старателот, стручниот работник, одделенскиот наставник и другите наставници, но исто така може да вклучува педагог или друго квалификувано лице вон училиштето, кое е предложено од родителот/старателот.

Вие како родител/старател сте клучниот учесник во тимот за создавање ИОП. Вие добро го познавате Вашето дете, ги знаете неговите/нејзините способности и потреби. Можете да дадете информации за тоа како Вашето дете учи, и кои се неговите/нејзините интереси и способности. На овој начин можеме да го осигуриме напредокот на Вашето дете.

Почитувани родители,

Значајно е да се нагласат приоритетите во образованието на Вашето дете.

Овој формулар ќе обезбеди важни информации за професионалниот училиштен тим, за да го олесни идентификувањето на образовните потреби на вашето дете.

Име на ученикот:

Име на родител/старател:

Цели на родител/старател:

Физички развој:

Социјален развој (другари, интеракција со другите, однесување, клубови, спорт):

Уметност (интереси, таленти):

Емоционален развој (слика за себе, тешкотија):

Останато (промени во пријателствата, одговорности, семејство):

Моето дете ги поседува следните способности (може да направи):

Моето дете ги има следните потреби:

Мојот прв приоритет за моето дете во тековната учебна година:

Јас дома ќе го направам следното да му помогнам на моето дете да напредува/да се подобри:

Друг важен приоритет за моето дете во оваа учебна година е:

### *Собирање информации од родителот/старателот*

За да се одредат приоритетите на родителот/старателот во однос на образованието на нивното дете со посебни образовни потреби, и подобро да се препознаат посебните образовни потреби на детето, треба да ги соберете следните информации:



### *Контролна листа на прилагодувања*

Имаме, исто така, листа предложени прилагодувања за да ја споделиме со наставниците во текот на следната работилница.

- Физичко позиционирање во училницата:
  - Ученикот седи блиску до наставникот
  - Ученикот седи блиску до некој кој служи како пример
  - Стоење близу ученикот кога му се даваат упатства или кога се предава
  - Поттик да се избегне прекин
  - Ученици организирани во групи
  - Дополнителни прилагодувања

- Предавање:
  - Учениците се поделени во парови за да ја извршуваат својата работа
  - Овозможување поддршка за ученикот (помош при учење)
  - Клучни зборови од лекцијата се напишани на таблата
  - Обезбедете визуелни помагала, големи букви, филмови, табели, графикони,
  - Предавајте на начин кој ангажира повеќе сетила: визуелни,аудитивни, кинематографски
  - Учениците се прашани да ги повторат упатствата што им се дадени и да објаснат што сфатиле дека треба да се направи
  - Дополнително на усните упатства, на учениците може да им се дадат пишани упатства, како потсетник
  - На учениците може да им се даде пишан преглед /план со главните концепти на лекцијата
  - На учениците им е дозволено да го снимаат часот за да можат подоцна да го прегледаат
  - Учениците се запрашани да дадат усно резиме на клучните зборови од лекцијата
  - На учениците им се даваат практични примери
  - Нагласете/потцртајте ги клучните делови од текстот/лекцијата за ученикот да може полесно да ги разработи главната идеа/деталите
  - Подолгите лекции се поделени на помали делови
  - Дополнителни прилагодувања.
- Задачи:
  - Овозможете дополнително време за завршување на задачата
  - Поедноставете ги сложените упатства
  - Обезбедете поедноставни и пократки задачи
  - Барајте помалку точни одговори за завршување на задачата (квалитет наспроти квантитет)
  - Скратете ги задачите поделувајќи ги на помали делови
  - Дозволете им на учениците да пишуваат на компјутер или да диктираат некому
  - Употребувајте контролни листи, табели, потсетници, итн.
  - Намалете го бројот на домашни задачи, особено задачи поврзани со повеќе читање
  - Креирајте задачи кои овозможуваат пишување на компјутер со големи букви наместо пишување на рака
  - Набљудувајте ги задачите каде учениците сами го одредуваат својот ритам (дневно, неделно)



  - Дадете му на ученикот јасни и конкретни упатства за подготовка на домашната работа
  - Дадете му на ученикот јасни упатства за тоа како да ја заврши домашната работа.
  - Пофалете ја усната активност на часот
  - Дополнителни прилагодувања.
- Контролни вежби и тестови:
  - Дозволете им на учениците да употребуваат книги за да им помогнат за време на тестот
  - Задавајте им усни тестови
  - Задавајте им тестови кои се завршуваат дома
  - Дозволете им на учениците да даваат снимени одговори (диктафон)
  - Организирајте квиз, наместо тест
  - Дозволете им дополнително време за завршување на тестот
  - Ученикот ги кажува одговорите, а наставникот ги запишува дадените одговори
  - Избегнете притисок врз ученикот од аспект на време или натпревар
  - Дополнителни прилагодувања.
- Организација:
  - Обезбедете помош од соучениците при организирање на работата
  - Создадете систем за поврзување на белешките и задачите
  - Именувајте пријател-волонтер кој ќе помага со домашната работа
  - Дозволете му на ученикот да има дополнителна збирка учебници дома
  - Однапред подгответе распоред за учење/пишување со ученикот
  - На родителот/старателот праќајте му дневни/неделни извештаи за напредокот
  - Креирајте систем на наградување за завршување на училишната задача и домашната работа
  - Дадете им на учениците интересна тетратка за запишување на задачите
  - Дополнителни прилагодувања.
- Однесување:
  - Поедноставете ги правилата во училницата
  - Употребувајте хронометар за олеснување на завршувањето на задачата
  - Одредете време за одмор
  - Јавно пофалете го одреденото однесување
  - Употребувајте стратегии за самоконтрола
  - Дадени се посебни привилегии/поттик и позитивни упатства
  - „Мудро искористете“ ги негативните последици

- Дозволете кратки паузи меѓу задачите
- Потсетете ги учениците да продолжат со задачата (невербални сигнали)
- Оценете ги точните одговори на ученикот, не неговите/нејзините грешки
- Воведете систем за справување со однесувањето во училницата
- Дозволете им учениците да се движат низ училницата (на пр. кога треба да завршат нешто)
- Игнорирајте го несоодветното однесување на некои ученици, кое обично не е дозволено вон училницата (за да продолжат со работата)
- На ученикот му се дадени едноставни одговорности во училницата (на пр. да води сметка за наставните помагала)
- Дополнителни прилагодувања.

### *Активности и постигнувања засновани врз годишната програма за работа на училишниот инклузивен тим*

- Програма за работа на анстваникот е прилагодена на развојните, индивидуалните и заедничките потреби со цел осигурување напредок на сите ученици.
- Употребуваме различни техники и стратегии при имплементацијата на образовната работа.
- Се развива доверба и самопочитување; обука во училиштето која им помогна на наставниците да се ослободат од предрасудите и стравовите и ги мотивираше да работат на конкретни, посебни образовни потреби.
- Ја поттикнуваме и негуваме креативноста.
- Има подобрена индивидуална креативност во животот и работата.
- Употребуваме техники на креативно размислување.
- Развиваме учење при соработка.
- Го подобруваме личниот и социјалниот развој.
- Сите деца во локалната заедница се запишани во училиште и редовно го посетуваат.
- Часовите се отворени за сите деца.
- Ги разрешуваме вообичаените проблеми.
- Ги поддржуваме и соработуваме со различни групи: вработени, ученици, родители и останатите кои имаат потреба од нешто.
- Создаваме пријатна средина, со целосна почит кон сите.
- Сите деца се подеднакво вреднувани и охрабрувани.
- Ја прифаќаме различноста.
- Го почитуваме детето како личност.
- Употребуваме методи кои се приспособени на индивидуалните потреби на детето.
- Одржуваме рамнотежа меѓу правата на децата со посебни потреби и интереси, со целите и интересите на нивните родители или старатели.
- Обезбедуваме соодветно место во училницата за децата со посебни потреби, на тој начин создаваме услови сите деца истовремено да слушаат и учествуваат.
- Одржуваме пријатен амбиент во кој ниту наставниците, ниту учениците се изложени на преголем стрес.
- Создаваме амбиент на прифаќање во кој сакаме да им помогнеме на сите деца.
- Не правиме споредба меѓу децата.
- Обезбедуваме додатна помош, кога е потребна, за поединец или мала група.
- Ги вклучуваме децата со посебни образовни потреби во сите / во низа активности, во зависност од вештините кои ги поседува детето.
- Користиме одредени визуелни помагала и други материјали приспособени на потребите на децата (најчесто направени од децата или наставниците).
- Употребуваме различни начини за оценување и евидентирање на напредокот на децата.
- Наставникот во инклузивната средина го подготвува ИОП со вклученост на другите членови на тимот, во зависност од нивните потреби.
- Ги документираме и набљудуваме постигнувањата на ученикот.

Знаеме дека „вклучувањето на сите клучни фактори во инклузивното образование, меѓу другото, значи давање можности сите деца да бидат успешни“. Сега веруваме дека инклузивното образование е реалност во нашата секојдневна работа.

Сите овие дејства кои ги испланиравме или презедовме нѐ охрабруваат да продолжиме со уште побрзо темпо во оваа област во нашето училиште, а исто така и да се поврземе во нашата општина и пошироко.

Основното училиште „Блаже Конески“ изрази потреба и интерес за имплементација на инклузивното образование во нивното училиште. Тие имаат јасна потреба од обука на наставниците и специјализирана служба и затоа го контактираа нашиот училиштен инклузивен тим за да побараат помош и соработка.

5

# Индивидуално образовно планирање од гледна точка на РДР – детска градинка „Сн ичка" и "Буба Мара"



# 5. Индивидуално образовно планирање од гледна точка на РДР

***Валентина Зиндл, (воспитувач) – детска градинка „Буба Мара" и Атинула Ничова (воспитувач) – детска градинка „Срничка"***

## Вовед

За децата на предучилишна возраст, детската градинка и центарот за ран детски развој (РДР) се природна средина за унапредување на сите аспекти од нивниот развој. Децата со пречки во развојот треба да посетуваат редовна детска градинка заедно со нивните врсници, на начин кој ќе им овозможи да се развиваат со сопствен ритам. Сите деца треба да си играат и да се дружат со другите деца. Предучилишната средина може да им помогне на децата да учат, низ игра, за себе и за другите. Тие се запознаваат со својата околина, го развиваат говорот и комуникацијата, социјалните вештини и интеракција. Врсниците се позитивен модел и го поддржуваат развојот на вештини и стекнување знаења на начин кој вклучува помалку директни интервенции споредено кога децата со пречки во развојот работат само со возрасни.

Дополнително на програмата за обука-на-обучувачите, (фокусирана на петте модули на стр. 3) каде што учесниците стекнаа познавање за инклузивното образование, ние исто така учествувавме на тридневната работилница во мај 2013 година, одржана од професор Џудит Холенвегер, за индивидуализирано образовно планирање во инклузивни училишта. На неа беше презентирана вежба за создавање ИОП, заснована на студиите на случаи на самите учесници. Одлучивме да работиме на случајот на дете кое ја посетува нашата детска градинка. Дефиниравме краткорочни и долгорочни цели за поддршка и поттик на раниот развој, употребувајќи ја МКФ- ДМ[5] како наша рамка.

Бевме изненадени од она што го открившме. Забележавме дека за нас од секторот за РДР оваа задача ни беше полесна затоа што ги употребувавме Стандардите за рано учење и развој (СРУР) поврзано со МКФ-ДМ. Бевме задоволни што можевме да го поврземе знаењето од оваа обука со она што веќе го применувавме во нашата работа поврзано со опсервација, документирање и процена на напредокот на детето, засновано врз СРУР.

Оваа студија на случај ги вклучува нашите лични размислувања во врска со нашето учество на работилницата за креирање ИОП, засновано на конкретен пример од нашата предучилишна пракса.

Во нашата студија на случај вклучени се воспитувачот, родителите и дефектологот. За време на пишување на студијата, применивме структурни инструменти за мониторинг на напредокот на детето (за групата 3 - 4 годишна возраст), МКФ-ДМ, дневник за размислувања, разговор со родителите, како и разговор со дефектологот. Го употребивме знаењето стекнато на работилницата за најважните чекори во индивидуалното образовно планирање, заедно со инструментот за процена од СРУР (за оценување 3 до 4 годишни деца). Постепено ги собравме информациите, во текот на една учебна година, за да може да го процениме развојниот напредок и постигнатите цели.

## Проблеми и предизвици

Разговаравме за бројни проблеми и предизвици: Што може да направи детето? Како можеме да му помогнеме на детето кое нема воспоставено интеракција со децата и возрасните во групата? Каков вид активности треба да испланираме

5Меѓународна Класификација на Функционирањето, пречки во развојот и здравје за деца и младинци

за да го охрабриме детето да учествува и комуницира? Како можеме да го поттикнеме неговиот/нејзиниот развој кон исполнување на СРУР?

### *Исполнување на законските обврски и оние засновани на права*

Секое дете има одредени карактеристики, интереси, способности и потреби. Затоа треба да ги земеме предвид различните карактеристики и на секое дете да му обрнеме особено внимание. Меѓутоа, ова не е единствениот проблем. Прашањата може да бидат од различна перспектива. Поради законите, децата со посебни потреби се вклучени во предучилишните установи, но дали овие центри за учење се доволно опремени да одговорат на потребите и способностите на сите деца? Дали воспитувачите се способни да работат со деца со пречки во развојот и каква поддршка им е потребна за посоодветно да го поттикнуваат раното учење за сите деца?

Нашата држава е потписник на Конвенцијата за правата на детето на ОН. Член 23 се однесува токму на децата со пречки во развојот и истакнува дека детето со пречки во развојот треба да ужива целосен и достоен живот, во услови со кои се обезбедува неговото достоинство, се поттикнува самостојноста и се олеснува активното учество на детето во заедницата. Законодавството предвидува рамноправни можности за образование на сите деца и ние тоа целосно го поддржуваме. Сепак, не секогаш градинката ги има сите услови да го олесни пристапот и задржувањето на децата со пречки во развојот, ниту пак соодветните помошни уреди за да им помогне полесно да се прилагодат на новата средина и да ги поддржи за време на нивниот престој во градинката.

Воспитувачите често пати се чувствуваат немоќни да се справат со потребите на сите деца затоа што им недостасува образование за работа со деца со пречки во развојот, а исто така се соочуваат со голем број деца во одделението / групата. Сепак, детските градинки се отворени за сите деца и воспитувачите работат на адаптација; индивидуално работат со децата, го приспособуваат просторот, планираат и имплементираат активности согласно интересите, способностите и потребите на сите деца во групата.

Последниве неколку години, РДР беше од голем интерес во севкупната политичка и општествена средина во земјата. Националната Програма за развој на образованието во Македонија, 2005-2015, го бележи следново: *“Раниот детски развој ќе биде еден од приоритетите на Владата на Република Македонија.”*

СРУР беа креирани како резултат на севкупните напори на Владата или на Министерството за труд и социјална политика да го подобрат квалитетот на раното учење и развој. Процесот на креирање на СРУР започна во 2006 година, на иницијатива од УНИЦЕФ, со цел да се развие сет национално прифатливи стандарди за рано учење и развој кои се фокусираат на позитивни излезни резултати во холистичкиот развој на децата од 0 до 6 години. Еден од водечките принципи и вредности за развој на СРУР е: *Почитување на личноста и индивидуалните карактеристики, потреби, интереси и можности на секое дете, вклучувајќи ги и децата со посебни потреби, како и децата од сите социо-економски и етнички средини.*

Законот за заштита на децата нагласува дека програмите имплементирани во детските градинки / центри за РДР треба да бидат базирани на СРУР. УНИЦЕФ ја поддржа обуката за персоналот за РДР, за новиот начин на водење педагошка евиденција базиран врз СРУР. За време на обуката, едукаторите / наставниците за РДР се стекнаа со знаења за квалитетна опсервација на децата, базирана врз СРУР, како начин за собирање податоци за процена на постигнувањата и развојот на децата. Опсервациите во градинките (според новото законодавство) употребуваат јасно идентификувани методи и начини за евидентирање и документирање на опсервациите, кои се дел од портфолиото на детето. За нас, беше предизвик да ги употребиме постојните методи и начини на процена за планирање и мониторинг на раното учење и развој на децата кои имаат потреба од индивидуализиран пристап или кои имаат посебни потреби за поддршка на



нивното рано учење и развој. Подолу ќе бидат подетално објаснети ефектите што ги постигнавме со нивната употреба.

## Развивање ИОП

Во нашата градинка, децата со пречки во развојот се запишуваат во редовните групи (одделенија). Во текот на процесот на запишување, стручниот тим разговара со родителите и одлучува во која група ќе биде примено детето. Изборот на група и наставник главно е одреден од бројот на деца во групата и подготвеноста на наставникот. На почетокот, праксата беше овие деца да им се доделуваат на поискусните воспитувачи. Денес, бројот на деца со пречки во развојот кои се запишани во нашата градинка е зголемен и имаме барем по едно дете запишано во секоја група.

Оваа студија на случај се фокусира на едно дете кое ја посетува нашата градинка. Го употребивме следниот пристап од обуката за ИОП:






Работилница за Индивидуално образовно планирање УНИЦЕФ Скопје 07.05.2013

### *Поставување цели*

Ги дефиниравме типичните животни настани / ситуации во кои детето би требало да учествува. Размисливме за можните идни начини на кои детето би можело да учествува и ги дефиниравме како цели (осигурувајќи дека целите беа ‘СМОРПв’ – Специфични, Мерливи, Остварливи, Релевантни, Поврзани со време). Ја прегледавме наставната програма за РДР и ги поврзавме овие цели со програмата.

*СВОТ анализа за опсервираното дете*

#### ПРЕДНОСТИ

- Приспособено на новата средина
- Делумно способно самостојно да се облекува
- Ги препознава центрите за учење и игра
- Може да држи молив и да нацрта линија
- Може да повторува движења базирани на упатства
- Го разбира она што му се кажува

#### СЛАБОСТИ

- Нема воспоставено интеракција со групата
- Неконтролирано движење
- Не учествува во групни дискусии и игри
- Нема комуникација со деца и возрасни

#### МОЖНОСТИ

- Независно да се грижи за себе
- Способно да развие говор
- Редовен физички и моторен развој
- Учествува во заеднички игри
- Може да гледа, слуша, да се фокусира, да презема задачи, да говори

#### ЗАКАНИ

- Неприфаќање
- Тешкотии во процесот на учење
- Изолираност
- Отфрлање

Цели

- Да се привлече неговото внимание држејќи му ги рацете и гледајќи го неговото лице додека му се говори.
- Да се надмине забуната со повторување на истите прашања и истите Да / Не одговори во период од три месеци



| Процена базирана на МКФ-ДМ и СРУР | Врски со МКФ-ДМ и СРУР | Потребна активност базирана на МКФ-ДМ и СРУР |
|---|---|---|
| Нефокусиран поглед<br>Домен на СРУР: Здравје и моторен развој<br>Субдомен на СРУР: Сензомоторен развој | b156 –Перцептивни функции<br>СРУР стандард: Детето може да ги користи своите сетила да го регулира движењето<br>СРУР показател: детето го врти својот поглед за да следи нешто, наместо вратот | b265 – Разбирање на функцијата на допир<br>Игра: прво јас, па ти<br>Игра: Препознавање на допирот<br>Повикајте го детето да следи активност лево или десно од него |
| Повторување фрази<br>Домен на СРУР: Јазик, комуникација и развој на писменост<br>Субдомен на СРУР: Комуникација | b110- Функции за свесност<br>b329 – Комуницирање преку примање пораки<br>СРУР стандард: Детето може да слуша и разбира говорен јазик.<br>СРУР показател: Детето го разбира значењето на изговорениот збор и постапува според дадени инструкции | Гласовна игра: Што ми се допаѓа / што не ми се допаѓа<br>Дидактичка игра: Покажете го вашето омилено овошје<br>Групна игра со движење: Овошна салата<br>Ќе го замолиме детето да н& покаже како ги мие своите раце; или да н& донесе нешто од масата; или да оди и да мине низ тунелот... |
| Користење тоалет<br>Домен на СРУР: Социоемоционален развој<br>Субдомен на СРУР: Социјален развој | d-598 – Грижа за себе, друга одредена<br>СРУР стандард: детето може да прави разлика меѓу познати и непознати возрасни лица.<br>СРУР показател: на детето му треба помош од познато возрасно лице. | Често потсетување да оди во бањата. Одржување на дневните рутини.<br>Давање помош во секојдневните активности (миење раце, качување, одење во тоалет, облекување) |
| Постојани неконтролирани движења<br>Домен на СРУР: Здравје и моторен развој<br>Субдомен на СРУР: Груб моторен развој | d-469 – Одење и движење, ориентирано и неконтролирано<br>СРУР стандард: детето може да се движи на координиран начин и со специфична цел<br>СРУР показател: детето ги забрзува и забавува движењата кога е потребно<br>СРУР стандард: детето може да ја одржи рамнотежата на телото<br>СРУР показател: детето одржува рамнотежа додека трча, при одење нанапред, одење наназад, качување по скали | d-250 – Контрола на сопственото однесување (давање поддршка со држење за раце)<br>310-d – Примање говорни пораки<br>е310 – Конверзации со членови на семејство<br>е330 – Други луѓе и авторитети<br>е360 – Други професионалци<br>При шетање на отворен простор, треба да му дадеме инструкции на детето за да го следи нашето темпо на одење |
| Нема воспоставена интеракција со околината<br>Домен на СРУР: Социоемоционален развој<br>Субдомен на СРУР: Социјален развој | d710- Основни меѓучовечки интеракции<br>СРУР стандард: Детето може да развие социјални вештини при интеракција со други деца и возрасни<br>СРУР показател: детето започнува да игра со друго дете<br>СРУР показател: детето игра игри со возрасните. | е310- непосредно семејство<br>е315- проширено семејство<br>е320-пријатели<br>е325-познаници, врсници, соседи<br>Е330-други луѓе и авторитети<br>е360-други професионалци<br>Планирани заеднички прослави и јавни настани<br>Работилници во детската градинка и во блиска (позната) околина |

### *Дејство и имплементација*

Штом ги поставивме целите и испланиравме активностите, продолживме со следниот чекор: дејство и имплементација. Се погриживме да бидат достапни материјалите за негување на комуникацијата (употреба на цртежи, картички и други дидактички материјали). Го употребуваме ритамот на музика и движење во парови (децата се држат за раце) за да поттикнеме интеракција и координација на движењата. Активностите вклучуваат употреба на фломастери за визуелно и вокално изразување.

Наставните стратегии кои ги користевме вклучуваа: прифаќање на она што детето го изведува, поттикнување на напорите и истрајноста на детето, моделирање, покажување на исправниот начин за правење на работите, водење, давање информации, помош детето да работи согласно неговите/нејзините способности, итн.

### *Контрола и евалуација*

Во однос на последниот чекор, контрола и евалуација, го употребивме инструментот за оценување на развојните исходи за 3-4-годишни деца, кој беше пополнет од воспитувачот со помош на опсервација и мониторинг на детето. Оваа алатка е осмислена да им помогне на воспитувачите во примената на СРУР во нивната секојдневна работа и во интеракцијата со децата, и за документирање на индивидуалните постигнувања или напредок на детето кон одредени стандарди.

## Резултати

Планираните цели, стратегии и активности веќе покажуваат резултати – детето е прифатено од останатите деца и од воспитувачот, и редовно ја посетува детската градинка. Неговите родители го прифатија предлогот на воспитувачот за да побараат дополнителна помош од логопед. Иако детето не ги исполнува сите показатели кои се наведени во инструментот, сепак има големо подобрување во неговите интеракции.

## Препораки и иден развој

Предизвикот за секој воспитувач е да се осврне на потребите на секое дете во неговата група/одделение. Воспитувачот е првото лице кое прави процена, базирана на опсервации, и кој може да ги одреди потребите и постигнувањата на секое дете. Воспитувачот е одговорен за планирање и имплементирање на активностите за поддршка на холистичкиот развој на децата во неговото / нејзиното одделение.

Засновано на она што го дознавме и научивме од сите модули на обуката за инклузивно образование, би ги дале следните препораки:

- Пред детето со посебни потреби да биде запишано во детска градинка, потребно е родителите да бидат информирани за националната програма и за програмата која е имплементирана од детската градинка. **Родителите треба да бидат вклучени како партнери во инклузивниот тим.** На првата средба на инклузивниот тим, потребно е да се обезбедат основни информации за целта на тимското работење, суштината на инклузијата и улогите на индивидуалните членови на тимот. Особено е важно да се нагласи улогата на родителите во овој процес и да им се дадат основни информации за тоа како да ја продолжат поддршката во домот. Инклузивниот тим треба да го почитува мислењето на родителите во однос на поставените цели за нивното дете, и треба да го бара нивното мислење за нивниот капацитет да му овозможат поддршка на своето дете.
- При првата средба со родителите, важно е да се **објасни планот и програмата на детската градинка и да се информираат родителите за карактеристиките на инклузивната програма**. Ова им овозможува на родителите да поставуваат прашања, да ги надминат предрасудите и да ги искажат стравовите (на пр. дали инклузијата значи дека наставниците целото свое внимание ќе го насочат кон децата со посебни потреби). Многу е важно родителите континуирано да бидат информирани и вклучени во животот и работата на детската градинка за да бидат запознаени со напредокот на нивното дете. Истовремено, ваквиот ангажман ќе им помогне на родителите да разберат дека нивното дете не губи ништо со тоа што се наоѓа во инклузивна група, всушност детето добива можност да научи како да им помага на другите, да ја прифаќа и вреднува различноста и да развие толеранција.
- Воспитувачите велат дека за нив е многу важно да **добијат информации за карактеристиките и интересите на детето, како и областите каде што му е**

**потребна посебна поддршка, пред детето да биде запишано во групата.** Многу е важно воспитувачите да соработуваат и комуницираат со сите институции кои претходно му помагале на детето, а летниот период, пред неговото запишување, да го искористат за детето да се запознае со детската градинка преку неформални посети.

- **Креирањето пријатен амбиент во групата и негувањето врски на соработка наместо конкурентност** меѓу децата е значаен аспект за образованието да биде поинклузивно. Може да биде неопходно да се организираат повремени средби со учениците за прифаќање на различноста. На пример, доколку во групата е запишано дете со физички или сензорни пречки во развојот, наставникот може да организира активности преку кои тие се соживуваат со способностите на нивното другарче и размислуваат за тоа како заедно можат да ги надминат препреките.
- **Секој индивидуален план за поддршка на раното учење и развој треба да биде подготвен од инклузивниот тим.** Инклузивниот тим треба да го евидентира напредокот со помош на месечен преглед на постигнувањата и да спроведува ревизија на планот три месеци од имплементацијата. Контролната листа за оценување според СРУР треба да биде пополнета на почетокот и крајот на годината. Тоа ќе овозможи јасен увид во интересите и потребите на детето, потенцијалите и можностите и ќе овозможи идентификување на областите каде што му е потребна поддршка на детето.



## Наши размислувања

Практичната имплементација на инклузијата бара време и трпение. Успехот не зависи само од материјалните услови. Процесот на промена ќе биде полесен доколку е поддржан од позитивни ставови и општо прифатени инклузивни идеи и вредности. Кога станува збор за инклузија, интеракцијата меѓу децата е многу значајна, но таа треба да биде добро осмислена и имплементирана во позитивен амбиент, со отворено срце.

Сите учесници во инклузивните детски градинки имаат придобивки од инклузијата:

### *Деца со посебни потреби:*

- Постигнуваат подобра социјална интеграција и социјализација, поддржувајќи го развојот на чувството на сигурност, задоволство и самопочитување
- Развиваат вештини на комуникација, како и способности да ги изразат своите потреби, желби и намери на вербален и невербален начин, поттикнувајќи го физичкиот развој.

### *Деца без пречки во развојот:*

- Развиваат емпатија и чувствителност кон потребите на децата со пречки во развојот и развиваат почит кон различноста.and develop respect for diversity.

### *Родители на деца со посебни потреби:*

- Стекнуваат позитивно искуство за способностите на нивното дете
- Развиваат партнерство кое обезбедува поддршка и поттик за родителите во нивните напори да направат што е можно повеќе за своето дете.

### *Воспитувачи:*

- Ги развиваат своите професионални способности за работа со деца со посебни потреби
- Развиваат врски на емпатија со децата и нивните родители.